Врз основа на члн 75, став 1, точка 6 од Законот за високото образование, член 27, став 1, точка 8 од Статутот на Технички факултет - Битола, Наставно-научниот совет на седницата одржана на 01.10.2007 г. донесе

# О Д Л У К А

## за избор на наставник

1. Вонр. проф. д-р Игор Неделковски се избира во звањето редовен професор од областа Информациони и експертски системи за предметите: Инженерски експертски системи, Информациони системи, Виртуелно инженерство, Компјутерски интегрирано инженерство и производство; областа Припрема за печатење и DTP за предметите: Интернет и мултимедија, WEB дизајн, Компјутерска графика, DTP и дигитален печат; областа Механика на флуидите и струјно-технички системи за предметот Хидро и иригациони системи.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 04.04.2008.

## О б р а з л о ж е н и е

На објавениот конкурс во весникот "Вест" од 22.06.2007 год. за избор на наставник од областа Информациони и експертски системи за предметите: Инженерски експертски системи, Информациони системи, Виртуелно инженерство, Компјутерски интегрирано инженерство и производство; областа Припрема за печатење и DTP за предметите: Интернет и мултимедија, WEB дизајн, Компјутерска графика, DTP и дигитален печат; областа Механика на флуидите и струјно-технички системи за предметот Хидро и иригациони системи, се пријави само кандидатот вонр. проф. д-р Игор Неделковски.

Рецензентската комисија формирана од Наставно-научниот совет поднесе писмен реферат, објавен во билтенот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" - Битола, бр. 298 од 04.09.2007 год. со предлог, кандидатот вонр. проф. д-р Игор Неделковски да го избере за редовен професор по горенаведените области и предмети.

Меѓувреме на рефератот не се поднесени приговори.

Наставно-научниот совет ценејќи ги сите околности околу изборот одлучи како во диспозитивот.

Доставено до: наставникот, архивата досието.

Бр.02-555/9
01.10.2007
Б и т о л а

Наставно-научниот совет
Декан

Ред. проф. д-р Весна Микаровска